ње. За истакнување е што авторите на овој труд даваат повеќе табелари со податоци за миграционите движења на населението како и други податоци.

Третата глава што претставува најголем дел на овој скромен труд носи наслов „Љубаништа низ историјата". Во неа е дадена хронологијата на селото и тоа до потпаѓањето под турската османлиска власт, Љубаништа во Илинденското востание, селото по Илинденското востание, во НОВ и Љубаништа од ослободувањето до денес. За оддбележување е моментот што авторите посебно внимание посветиле на печалбарството, што е главна карактеристика на овој крај. Го истакнуваат придонесот на населението во НОВ и Револуцијата како и повоената изградба.

По сето тоа во кратки црти е дадена перспективата на селото Љубаништа во која истакнуваат дека главна перспектива е развојот и туризмот.

На крајот се дадени изворите и литературата од кои може да се види дека авторите за овој труд исползувале доволен број извори и литература иако можеле уште повеќе да консултираат литература.

На мислење сме дека овој труд заслужува внимание и истиот може да послужи на истражувачите на македонската географска, демографска и историска наука. Трудот би бил уште подобар ако авторите обрнеле поголемо внимание при редоследот и стилизирањето на материјалот. Но и вака како што е, особено ако се има предвид дека авторите се млади и неопитни, трудот е интересен и истиот со задоволство го препорачуваме на читателите.

Викторија АНЧЕВА

**ИСТОРИСКИ ДЕНОВИ НА ГОРНО ВРАНОВЦИ. По повод 40-годишнината од престојот и работата на државното, военото и политичкото раководство на Македонија во селото Горно Врановци, Велешко.** Мисла Скопје, 1984, 189 + скици

Неодамна во издание на издавачката куќа „Мисла" од Скопје, излезе од печат споменицата „Историски денови на Горно Врановци", посветена на 40-годишнината од престојот и работата на државното, военото и политичкото раководство на Македонија во селото Горно Врановци, Велешко.

Во Споменицата се поместени 36 прилози и сеќавања, 11 факсимили на документи, 10 фотографии и 4 карти. Опфаќајќи го временскиот период од септември до почетокот на ноември 1944 година, Споменицата прави пресек на целокупната работа на највисоките државни, воени и политички тела и организации на Федерална Македонија — Президиумот на АСНОМ, Главниот Штаб на НОВ и ПОМ, Централниот комитет на КПМ, Иницијативниот одбор на НО фронт, Главниот одбор на НОМСМ, Иницијативниот одбор на АФЖ и други.

На слободната територија на која се наоѓа и селото Горно Врановци, како централен дел на

Македонија се сконцентрирале поголем број правни, економски, просветни, културни, медицински, уметнички и други профили на стручни кадри со кои располагала во тие денови младата македонска држава.

Таквата концентрација на кадри и на највисоките раководни тела и организации на едно место овозможило да се применат нови форми и методи во работата, што претставувало премин кон работа во наполно слободни и мирновременски услови.

Опфаќајќи ја целокупната гореспонемата дејност, Споменицата донесува поголем број прилози и сеќавања поткрепени со факсимили на документи, фотографии и карти посветени на работата на воените, политичките и другите органи, како и прилози и сеќавања посветени на активноста на останатите организации и активности што се изведувани во споменатиот период во Горно Врановци.

Дејноста на Президиумот и на Поверенствата на АСНОМ е предмет на интересирање на неколку прилози и сеќавања. Президиумот од Првото до Второто заседание на АСНОМ (2 август до 28—30 декември 1944 година), одржал 15 седници, од кои 6 во селото Горно Врановци, додека војната сеуште не е завршена. Дневниот ред на седниците ги содржи скоро сите основни прашања сврзани со изградбата на новата народна власт и создавањето услови за уредување на работата во сите области на општествениот живот, при што посебен акцент е ставен на развојот и создавањето на првите органи на Федерална Македонија. Во тој контекст во Споменицата е опфатена и дејноста на одделни поверенства од осумте, колку што биле формирани при Президиумот на АСНОМ.

Неколку прилози и сеќавања се посветени на дејноста на Главниот Штаб на НОВ и ПО на Македонија и неговата активност во завршните операции за конечното ослободување на Македонија

Исто така во Споменицата е даден преглед на активноста на ЦК КПМ во селото Горно Врановци, кој за првпат во текот на оружената борба подолг период во ова село работи речиси во полн состав.

Во споменатиот период во селото Горно Врановци развиваат широка дејност и највисоките раководства на НО фронт, на СКОЈ, на Антифашистичката младина и на АФЖ, чија активност е предмет на неколку прилози и сеќавања.

Посебно место во Споменицата заземаат сеќавањата и прилозите за дејноста врз развојот и подемот на информативната и културната акција. Во тој контекст повеќе сеќавања го третираат развојот на печатарската дејност во Горно Врановци и излегувањето на првите броеви на првиот дневен весник на македонски јазик „Нова Македонија“, орган на Народноослободителниот фронт на Македонија, кој излегол на 29. октомври 1944 година. Во овој период во Горно Врановци започнало да излегува и првото списание на жените на Македонија „Македонка“ — орган на Антифашистичкиот фронт на жените на Македонија, целосно напишано и уредено во селото Горно Врановци, каде што е и

печатено, со исклучок на неколку страници и корицата.

Во Спомeницата се среќаваат и податоци за повремениот информативен весник „Наша хроника", кој излегува во Горно Врановци и во издание на Повереството за информации при Президиумот на АСНОМ. Овој весник имал улога на полуслужбен орган на Президиумот на АСНОМ, а на некој начин и на политичкото и воеvното раководство кои работеле во Горно Врановци. Овој весник излегол во 11 броја, почнувајќи од 30 септември до 28 октомври 1944 година.

Во Горно Врановци излегол од печат и четвртиот број на весникот „Млад борец", Орган на Главниот одбор на НОМСМ. Првиот број од овој весник излегол од печат на 22 март 1944 година на Козјак, умножен на шапирограф.

Сите горенаведени весници се печатени во партизанската печатница „Гоце Делчев", која кон крајот на септември 1944 година е преместена во селото Горно Врановци.

За горната тематика зборуваат повеќе прилози и сеќавања на современиците од споменатиот период, кои на аргументиран начин донесуваат нови моменти за разјаснување на одделни активности врз споменатата проблематика во Горно Врановци.

Паралелно со останатите активности се развива жива активност и на културно-просветно поле, која опфаќа работа врз оформување современ литературен македонски јазик. Со оваа работа било задолжено таканареченото Преведувачко одделение при Агитпропот на ЦК КПМ. Тоа одделение вршело редакција на весниците што се печатени во печатницата „Гоце Делчев", а исто така биле одржани и неколку предавања посветени на проблематиката од македонскиот литературен јазик

Во овој период на теренот околу Горно Врановци и во селото се давани приредби, слични на тие кои се изведувани на слободните територии во Дебарца, Мегленско, Козјак, како и на други места. Приредбите на слободната територија околу Горно Врановци ги изведувале членовите на трупата „Кочо Рацин" и други уметници.

Одделни прилози и сеќавања се посветени на работата на школата при ПК СКОЈ за Македонија отворена во селото Горно Врановци. Во неа биле вклучени како посетители десетина младинци, а истата имала за цел да ги усовршува скоевските раководители при ПК СКОЈ за Македонија. Наставната програма опфаќала теми од НОБ во Македонија и Југославија, за социјалистичката револуција, националното прашање и други. Школата постоела сè до ослободувањето на Македонија.

Покрај горенаведените активности во Горно Врановци се обавувани и други дејности што се предмет на одделни сеќавања и прилози. Спомeницата не претендира да даде исцрпен преглед на сите активности во Горно Врановци, туку упатува на период од бурни и динамични настани, иницирајќи ги историските текови кои допрва треба да бидат научно расветлени.

Марјан ДИМИТРИЈЕВСКИ